


**ДЕЛ ОД ПОСЕТИТЕ НА ГРАДОВИ ВО СВЕТОТ ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „*СВЕТОТ НА ДЛАНКА*“**
**НА СЛАВЕ КАТИН**

Во Франкфурт пристигнавме во попладневните часови, за потоа да го продолжиме патувањето кон Штутгарт, кон Елванген, кај местото, или поточно затворот, во кој темнуваше сесловенскиот и македонски просветител, духовник и учител свети Методиј Солунски – Моравски. Човекот кој ги насочи сите универзални вредности на духовниот, образовниот и културниот живот на општословенскиот народ.

Во предвечерието го напуштивме Франкфурт и со автобус појдовме за Штутгарт, а оттаму за Елванген, каде се одржуваше чествувањето од смртта на сесловенскиот и македонски просветител, христијански мисионер и рамноапостол свети Методиј, во чија чест и се одржа манифестацијата „*Македонија во чест на свети Методиј“.* На чествувањето присуствуваше државна и црковна делегација од Македонија.

Патувањето коешто траеше околу четири часа беше пријатно во удобниот автобус, во кој, бидејќи сите бевме паници од Македонија, се пееше, се пиеше и се веселеше. Поминувавме низ голем број населени места на кои со својот еколошки изглед треба да им позавидат многу нации во светот. Целиот пат помина за миг,  како да беше на филмска лента.

При нашата посета на земјите од Европската унија, бевме Делегација во состав архиепископот г.г. Михаил, поглавар на Македонската православна црква; митро-политот Кирил, полошко–кумановски архијереј, митрополитот Горазд, европски архијереј и авторот на овие редови, во својство на потпретседател на Комисијата за односи со верските заедници на Република Македонија

Во доцните вечерни часови стасавме во градот Елванген што се наоѓа во областа Баден-Виртенберг. Таму се наоѓа местото каде свети Методиј Солунски бил заточеник на тогашните услови и прилики. Инаку, Елванген има околу 15.000 жители и е сместен на околу 110 километри југоисточно од Штутгарт. Градот се споменува уште во VII век, додека во IX век е седиште на над-бискупијата, епископијата и црковниот суд. Елванген е општински центар на 11 поблиски села и мали гратчиња.

Градот започнал да се развива околу манастирскиот комплекс кој во средниот век претставувал жариште на христијанството. Елванген е распространет на една блага висорамнина, со бујна вегетација, шуми, родни полиња и лозја. Тој е препознатлив и по прекрасното вино и пиво. Се смета дека граѓаните на Елванген се многу вредни и дека меѓу првите во Германија започнале да го произведуваат пивото. Исто така, е познат и по индустријата за батерии „Варта“ - која го снабдува целиот свет со батерии од секаков вид.



[illegible]



**Пишува**: **СЛАВЕ КАТИН**